Внатрешно

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
Бр. 02 - 3133 / 1
30.04.2025
АД СКОПЈЕ

**КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ**

# КОДЕКС
## За однесување на агенти

Скопје, Април 2025 година

Заради професионален однос и стручно извршување на работењето на Друштвото и исполнување на фидуцијарната должност, согласно законските и подзаконските акти, како и добрите деловни обичаи и работниот морал, а со цел обезбедување квалитетно задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и однесување на пазарот, врз основа на член 30 од Статутот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Управниот одбор на Друштвото, на 16/2025 состанок, одржан на 28.04.2025 година, донесе

# КОДЕКС
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА АГЕНТИТЕ НА
# КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО А.Д. СКОПЈЕ

## I. Општи одредби

1. Со овој Кодекс, утврдена е рамката со која КБ Прво пензиско друштво АД Скопје го уредува работењето на неговите агенти и ги утврдува вредностите кои агентите треба да ги прифатат и да ги спроведуваат во својата работа.
2. Со прифаќањето на Кодексот, се поставуваат стандардите на добрата деловна пракса во областа на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување - како минимум во дејствувањето, а пазарните сили кои го обликуваат и кои управуваат со пазарот, ќе претставуваат поттик да се достигнат високи стандарди во корист на членовите/пензионираните членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје (понатаму во текстот: Прв задолжителен пензиски фонд) и членовите/пензионираните членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје (понатаму во текстот: Прв доброволен пензиски фонд) со кои управува КБ Прво пензиско друштво АД Скопје (понатаму во текстот: Друштвото).
3. Кодексот им овозможува на членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд со кои управува Друштвото, сознанија за тоа како агентите постапуваат во својата работа и што да очекуваат во меѓусебниот контакт.

## II. Основни начела на однесување на агентите кон членовите/пензионираните членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје, со кои управува Друштвото

Основните начела на кои ќе се темели однесувањето на агентите на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје се пред се:

1. Уреден изглед, етичко и професионално однесување - Агентот е лице на Друштвото што го претставува;
2. Коректно и професионално однесување меѓу агентите на Друштвото и меѓусебно неконкурирање при извршување на работите;
3. Почитување и примена на законските и подзаконските акти;
4. Објективност во работата со потенцијалните членови, членови и пензионирани членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото;

5. Континуирана надградба на своите знаења за пензискиот систем, капитално финансираното пензиско осигурување, како и финансискиот систем како целина, и соодветните измени во регулативата. Компетентна примена на новите знаења;
6. Сигурност и доверба;
7. Транспарентност на податоци за членовите на фондовите со кои управува Друштвото, односно за пензионираните членови, согласно законските и подзаконските акти;
8. Исправка на можните грешки преку брзи и коректни одговори на рекламациите.

## III. Основни принципи што ќе ги применува агентот во извршување на своите работи

Агентот во вршењето на своите работи (маркетинг активности и потпишување на договори за членство и, договори за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договори за членство, договори за програмирани повлекувања, договори за еднократна и договори за повеќекратна исплата во Прв доброволен пензиски фонд, односно договори за професионална пензиска шема, особено ќе се придржува на следното:

1. При изнаоѓањето и доаѓањето до потенцијални членови и клиенти на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд со кои управува Друштвото и склучување на договори со истите, агентот ќе ги информира и ќе им укажува на предностите на реформираниот пензиски систем, односно вториот и третиот столб, како и предностите на Друштвото;
2. Агентот може да се служи со пресметките за третиот столб доставени/објавени исклучиво од страна на Друштвото;
3. Агентите ќе воспоставуваат добар деловен однос  заснован на отвореност и меѓусебна доверба, што подразбира дека информациите кои ги разменуваат агентите и членовите/пензионираните членови на фондовите со кои управува Друштвото – треба да бидат точни, потполни и навремени;
4. Агентот постојано ќе обезбедува точни и веродостојни информации во усните и писмените известувања преку материјалите што се доставуваат и објавуваат;
5. Агентите нема да даваат погрешни и неточни информации  за КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд или за Друштвото што управува со Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, лицата кои имаат право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд и лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, ниту со усни изјави, пишан материјал, преку оглас и било каков друг рекламен материјал;
6. Агентите не смеат да даваат изјави и информации со кои негативно, невистинито и погрешно ги опишуваат другите учесници во пензискиот систем;
7. Агентите нема да даваат никакви изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд со кои управува Друштвото, на членовите на пензиските фондови, на лицата кои би можеле да се зачленат во пензиските фондови во иднина и на пензионираните членови, освен изјави во форма и постапка пропишана/објавена од Агенцијата;

## IV. Принципи на заштита на лични податоци

1. Агентот се обврзува дека ќе ги почитува начелата на заштита на личните податоци.
2. Агентот е должен да врши обработка на личните податоци во согласност со упатствата добиени од страна на Друштвото, почитувајќи ги притоа прописите за заштита на личните податоци што важат во Република Северна Македонија.
3. Личните податоци што при вршење на работите на агент ги стекнал агентот, не смее да бидат користени од агентот за ниту една друга цел, освен за склучување на договор за членство во Прв задолжителен пензиски фонд, договор за членство или договор за професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд, како и за договор за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд, како и вршење на пост-продажни активности исклучиво по налог и упатства на Друштвото.
4. Агентот е обврзан да применува технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци, да ги чува како доверливи личните податоци кои ги обработува, како и мерките за нивна заштита, со цел да ги заштити личните податоци од нивно случајно или незаконско уништување или губење, преправање, неовластено откривање или пристап и од какви било незаконски облици на обработка.
5. Агентот нема да ги обработува личните податоци во свое име и за своја сметка (складира, модифицира, пренесува, блокира или брише или на друг начин обработува), ниту да ги прави достапни таквите податоци на трети лица надвор од Друштвото.
6. Агентот потпишува Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.
7. Во случај на непочитување и/или неправилно применување на начелата на заштита на лични податоци, Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти и интерните акти на Друштвото кои ја уредуваат оваа материја од страна на Агентот, Друштвото може еднострано да го раскине договорот за вршење агентски работи со Агентот.

## V. Заштита на членовите/пензионираните членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото

Агентот покрај наведеното во дел III во извршувањето на работите особено ќе се придржува и на следното:

8. Агентот нема цел само да склучува договори со потенцијалните членови/пензионирани членови, туку истиот има за цел да го брани интегритетот на Друштвото што значи заштита на правата и интересите на членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд со кои управува истото, како и интересите на Друштвото и неговите вработени;
9. Агентот гарантира дискреција во врска со сите податоци за членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв

доброволен пензиски фонд, со кои управува Друштвото, како и вредносните оценки стекнати во односите со истите, дури и по престанокот на работата на агентот. Агентот нема да ги открива податоците за членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд со кои управува Друштвото никому, освен во случаи кои се законски одредени или врз основа на децидно барање или согласност на членот/пензионираниот член;

10. Агентот нема:
    - ≠ Да му нуди на друго лице било какви подароци[1] со цел да го наведе да се зачлени во Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или да остане член во истите, да учествува во професионална пензиска шема или да остане во професионална пензиска шема како и да влијае врз пензионираниот член да го раскине договорот за програмирани повлекувања од друг задолжителен/доброволен пензиски фонд или договори за повеќекратни исплати од друг доброволен пензиски фонд;
    - ≠ Да му нуди на друго лице било какви подароци со цел да го наведе да присуствува или да остане на места каде што се врши маркетинг на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд;
    - ≠ Да му нуди било какви подароци на работодавецот или на со него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, да се зачленат во Прв задолжителен пензиски фонд;
    - ≠ Да му нуди било какви подароци на осигурител или на со него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди да стане или остане организатор на професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд или им наложи на неговите вработени или членови да учествуваат во професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд;
    - ≠ Да нуди било какви подароци на синдикат или друга организација, колективно тело или на лица поврзани со таа организација или тело, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, односно членови да се зачленат во Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд;
11. Доколку член на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд констатира грешка на агентот, агентот ќе настојува во разумен рок да ја провери забелешката и без одлагање да ја исправи истата. Ако за проверката е потребно повеќе време, агентот ќе направи се што треба, за да во меѓувреме се превземе мерка за решавање на прашањето;
12. Доколку агентот направи одредена грешка, истата, во најкус можен рок ќе се потруди да ја отстрани;
13. Да врши маркетинг на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд на начин кој е спротивен на јавниот морал или принципите и целите на капитално финансираниот пензиски систем.

## VI. Забрана за откривање на податоци и информации

[1] Подарок значи, но не се ограничува на парични награди, плаќање на паричен надомест за предвремено прекинување на членство или раскинување на договор за програмирани повлекувања во други задолжителни пензиски фондови, односно предвремено прекинување на членство или раскинување на договор за програмирани повлекувања или договори за повеќекратни исплати во други доброволни пензиски фондови, подарување на подвижни и недвижни ствари, платежни картички или слични финансиски услуги, уметнички дела, организирање изложби или претстави, или други чинења кои вообичаено треба да се платат, освен оние плаќања кои непосредно произлегуваат од правата на членовите и пензионираните членови во задолжителен, односно доброволен пензиски фонд.

Во случај на констатирани сомнителни активности од страна на Друштвото, а согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Агентот не смее да го извести клиентот или трето лице дека:

1. е во тек или е можна анализа за утврдување на основи на сомневање за перење пари или финансирање на тероризам од страна на Управата за финансиско разузнавање (Управата);
2. до Управата е доставен или ќе се достави податок, информација или документација за клиентот или трето лице или трансакција;
3. Управата издала налог за следење на деловен однос или писмен налог за привремено задржување на трансакција;
4. против клиентот или трето лице се започнати или е можно започнување на предистражни дејствија, истрага или кривична постапка за перење пари или финансирање на тероризам.

## VII. Односи помеѓу агенти на различни друштва за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови

Агентите на КБ Прво пензиско друштво односите со агентите на другите друштва ќе ги заснoваат на следните основни начела:

1. Агентите на Друштвото, во меѓусебните односи со агенти на други друштва кои управуваат со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови, се придржуваат на сите важечки прописи и правила, со посебен акцент на заштитата на интересите на работењето во областа на задолжителното и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и ќе поддржуваат коректност на односите со цел спроведување на чесна пазарна конкуренција;
2. Ако се појават одредени проблеми или несогласувања помеѓу агентите на различни друштва кои управуваат со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови, истите се обврзуваат дека ќе најдат решение преку конструктивен дијалог заснован на добрата деловна пракса во областа на задолжителното и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Ако дијалогот на две или повеќе страни не доведе до решение, агентите ќе се обидат спорот да го решат на повисоко надлежно ниво.

## VIII. Односи на агентот и Друштвото

Агенти на Друштвото (КБ Прво пензиско друштво АД Скопје) се лицата упишани во Регистарот на агенти што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС како агенти на Друштвото и на кои им е издадена легитимација за агенти на Друштвото.

Односите помеѓу Друштвото и агентот ќе се заснoваат пред се на следните начела:

1. Агентот во своето работење ќе ги почитува одредбите од овој Кодекс и работите ќе ги извршува така што нема да му наштети и нема да го наруши угледот на Друштвото, а Друштвото дека ќе ги почитува правата на агентите утврдени со други акти на Друштвото. Непридржувањето кон одредбите на овој Кодекс повлекува право Друштвото да побара негово бришење од Регистарот на агенти;
2. Агентот за разрешување на сите прашања во врска со извршувањето на својата работа ќе се обраќа за помош и инструкции од Друштвото, а Друштвото пак е должно да ја пружи побараната помош. Покрај ова Друштвото на агентите редовно ќе

им дава стручна помош, ќе ги обезбеди сите потребни материјали за извршување на работите, ќе дава упатства и слично;

## IX. Влегување во сила на Кодексот

Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето.

Со влегување во сила на овој Кодекс престанува да важи Кодексот за однесување на агентите на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје бр.02-4748/1од 15.05.2015 година.

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Весна Стојановска**

ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ